**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,36 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа по 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Силвана Бонева, Иван Анастасовски, Анета Стефановска, Слободан Најдовски, Владанка Авировиќ, Александар Спасеноски, Данаил Дончев, Весна Јаневска, Петар Поп Аросв, Неждет Мустафа, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Панче Дамески, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Блерим Беџети, Теута Арифи, Стојан Андов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни само 22 пратеника од 94 пријавени со картички, го искористија правото преку системот да се најават, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 31 пратеник, така што објавувам пауза до 16,00 часот со замолница до координаторите да направат напор да ги повикаат пратениците за да можеме да ја почнеме седницата.

(Пауза до 16,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,00 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа по 11-та точка- Предлог за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.

Пред да продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на законот, процедурално збор побара госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, сведоци сме што се случува во изминатите девет месеци пред Парламентот на Република Македонија. Денес состојбите земаа и поинакви димензии. Се надевам дека ниту еден од пратениците нема да сака да ги оставиме луѓето и во зимскиот период да бидат пред Парламентот, да го поминат на температури од минус 5 степени.

Мојот предлог е овде веднаш да ја прекинеме оваа седница и да се вратиме на 69-та седница на Собранието каде ќе расправаме по 24-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, предложен од НСДП.

Почитуван потпретседателе, до колку нема таква деловничка можност тогаш јас замолувам да се прекине оваа седница и веднаш да се закаже итна седница со една единствена точка на дневниот ред, затоа што веќе пратениците во ова Собрание се навикнати претседателот во рок од два часа да закаже четири различни седници, така што нема да биде ништо ново. Единствено со тоа ќе им овозможиме да ја прекинеме неизвесноста кај овие луѓе кои, ако веќе преживееа над 40 степени, сега барем да ги спасиме од агонијата во која се наоѓаат и да видиме дали пратениците ќе имаат доволно доблест да го изгласаат овој закон. Во спротивно, вака како што работите стојат, почитуван потпретседателе, сметаме дека ова е уште една фарса креирана од парламентарното мнозинство, со посредство на НСДП, како 24-та точка на дневниот ред, вие како што ги прекинувате седниците, добро знаете дека немате намера никогаш да дојде оваа точка на дневен ред и овие луѓе ќе ги држите во неизвесност. Мислам дека тоа тие не го заслужуваат затоа што ви беа многу корисни во кампањата кога ги земавте и ги носевте тука да ги злоупотребите во кампањата која ја организираше -Гласот на светлината.

**Бесим Догани:** Ве молам госпоѓа Топузова, ова веќе не е процедурално.

**Роза Топузова Каревска:** Потпретседателе, јас морам да образложам, а за тоа ги користам сите аргументи. До колку нема добро образложение вие ќе ми кажете дека не гледам поради што ќе биде ставена оваа точка на дневен ред. Од таму доаѓа моето малку пошироко образложение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓа Топузова, како прво не знам дали бевте на почетокот на седницата, јас прочитав дека претседателот е пријавен за оправдано отсутен. Јас немам деловничко право да закажам нова седница. Затоа би побарал дали имате поддршка од 10 пратеници и да го ставам вашиот предлог на гласање.

Имате 10 пратеници за поддршка на вашето барање.

Барањето на госпоѓа Роза Топузова Каревска, оваа седница да се прекине и место оваа седница да се продолжи со 69-та седница односно 24-та точка од 69 седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 21 гласаа за,1 воздржан против 36.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Процедурално за збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата процедурална забелешка се однесува за истото прашање кое беше поставено од страна на колешката Роза Топузова Каревска, заради тоа што ние како Собрание навистина немавме слух да разговараме и да најдеме решение за овој проблем. Знаеме дека и покрај ветувањата, неколку средби кои ги имаше и премиерот и претставниците на Владата, не се заинтересирани да го решат овој проблем. Ние како Собрание и како пратеници сме најповикани да интервенираме во решавање на суштински проблеми на граѓаните во Република Македонија, посебно на оние кои скоро година дена ќе биде, поминуваат пред зградата на Собранието, ги изложуваме на опасност, покрај тоа што се изложени на опсноста од немање средства за основна егзистенција на нив и на нивните семејства.

Денес знаете дека протестите на стечајните работници се одвиваа пред Собранието, никој не разговара сонив за да им објасни зошто не се разговара за нивниот проблем во Собранието на Република Македонија. Имаше инцидент, како што го имаше и на претходниот протест со полицијата. Мислам дека апсолутно не ни е во корист ниту на нас како пратеници, ниту на законодавниот дом, ниту пак на Република Македонија во овој момент да се пресметуваме државните органи со дел на категории на луѓе како што се стечајните работници.

Предлагам, бидејќи имаше координација на која е договорено некаков слет на настани за оваа седница, да расправаме односно да ја затвориме расправата и да го изгласаме законот за Комитетот за односи меѓу заедниците заради тоа што и тој е еден од приоритетите за Република Македонија за напредокот кон НАТО и ЕУ и исполнување на еден од договорите. Веднаш после оваа тока да ја прекинеме 76-та седница на Собранието на Република Македонија и да продолжиме со работа на 69-та седница на која се наоѓа законот кој нуди решение за стечајните работници во Република Македонија. Мислам дека ова е едно од оптималните решенија кое може да биде на дневен ред на Собранието, да расправаме што е можно побрзо и да понудиме решение за стечајните работници, или да покажеме дека сме подготвени во овој момент да се грижиме за нивните интереси. Заради тоа барам поддршка од 10 пратеници, овој предлог да го ставите на гласање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали имате 10 пратеници за поткрепа на вашето барање?

Имате 10 пратеници кои ве поддржуваат.

Предлогот на господинот Спасовски, после завршувањето на 11-та точка од 76-та седница, да се продолжи со 69-та седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 23 гласале за, воздржани нема, против 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Продолжуваме натаму.

Господинот Џеват Адеми е пријавен за процедурално, повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Почитувани пратеници, со сета почит кон чувствата на стечајните работници кои веќе подолго време протестираат пред зградата на Собранието, јас пред вас ќе се појавам со еден предлог, со една чиста процедурална забелешка, со барање кое за нас Албанците ќе има посебно симболично значење.

Утре е 28 ноември, значаен ден во историјата на албанскиот народ. Тоа е денот на албанското националното знаме и денот на објавување на албанската независност.

Пратениците Албанци, независно од нивната партиска припадност и политичка привинијенција, утре ќе празнуваат, така како што ќе празнува целиот албански народ, не само на својот етнички простор туку секаде во светот. За да бидат со граѓаните, за да бидат со народот, за да манифестираат посебно внимание во оваа клима на тензија после дискутабилната одлука на Уставниот суд на Република Македонија, во име на парламентарната група на ДУИ предлагам ние денес да ја прекинеме оваа седница, утре да не се работи во знак на почит на националните чувства не само на пратениците Албанци, туку на двете страни во ова Собрание и да манифестираме почит кон сите граѓани Албанци, бидејќи, можеби е случајност, меѓутоа во моментите кога јас го предлагам ова барање на адреса на нашите колеги пратеници Македонци, седницата на ова Собрание ја претседава потпретседател Албанец, неговата професионална асистенција или помош заменик генерален секретар, Албанец и ќе беше чест на ова Собрание денес да ја донесе оваа одлука, утре да не се работи затоа што утре целиот албански народ слави и да се сретнеме во четврток на 29 ноември, да продолжиме да рботиме, да ги исполниме тие обврски што ни произлегуваат од гласот на граѓаните и да покажеме дека знаеме да го цениме тоа што е свето, за другите што не се како нас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Адеми вашето барање е на место во овој момент.

Јас би сакал да ве известам дека веќе е разговарано на таа теа. Утре Собранието, во чест на пратениците кои сакаат да го слават нивниот ден, каде што припаѓам и јас нема даработи, туку ќе се работи само по комисии. Тоа веќе е средено. Не го најавивме бидејќи остана да го

најавиме на крајот на работниот ден. Но, за тоа веќе сме се договориле како претседателство.

Господине Адеми вие имавте конкретен предлог денес да ја прекинеме седницата. Тогаш имате право како пратеник да го барате тоа. Јас од вас барам поткрепа од 10 пратеници.

Дали имате поддршка од 10 пратеници за вашето барање?

Имате.

Предлогот на господинот Џеват Адеми да се прекине работата на Собранието поради претстојниот празник, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 20 гласаа за, 7 воздржани, против 34.

Констатирам дека Собранието не го прифати предлогот на господинот Адеми.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија ги разгледа амандманите на новиот член 10-а став 3 и на новиот член 10-а за менување на став 4, поднесени од пратениците Блерим Беџети, Селвије Салиу, Азис Положани, Ајше Селмани, Садула Дураку и Џевад Адеми и амандманот на новиот член 10-а став 3, поднесен од пратениците Рафис Алити и Аднан Јашари.

Мислењето на Комисијата ви е поделено.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања оцени дека со амандманот на новиот член 10-а став 3, поднесен од пратениците Блерим Беџети, Селвије Салиу, Азис Положани, Ајше Селмани, Садула Дураку и Џевад Адеми и со амандманот на новиот член 10-а став 3, поднесен од пратениците Рафис Алити и Аднан Јашари, не се врши усогласување на одредбите на Предлогот на овој закон во смисла на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието. Од овие причини по овие амандмани Собранието нема да води претрес.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања оцени дека со амандманот на новиот член 10-а за менување на став 4, поднесен од пратениците Блерим Беџети, Селвије Салиу, Азис Положани, Ајше Селмани, Садула Дураку и Џевад Адеми се врши усогласување на одредбите на овој закон во смисла на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието. Од овие причини по овој амандман Собранието ќе води претрес.

Отворам претрес по амандманот на новиот член 10-а за менување на став 4, поднесен од пратениците Блерим Беџети, Селвије Салиу, Азис Положани, Ајше Селмани, Садула Дураку и Џевад Адеми.

Пред да го замолам претставникот на Владата да се произнесе, процедурално за збор се јавува господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Навистина е тоа што го кажавте вие дека Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни праШања вчера расправаше и меѓу другото одлучи како што нагласивте вие. Но јас сакам да нагласам дека за жал, ова мислење на Комисијата е фраглантно кршење на одредбите од Деловникот за работа на Собранието.

Зошто го велам ова? Ако внимателно се анализира правната основа на членот 166 од Деловникот за работа на Собранието ќе дојдеме до оваа констатација дека членот 166 став 2 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија уредува прашања во однос на рокот на поднесување. Јас би ја поканил колешката која е пред мене, како претседател на Комисијата, нека излезе и нека ни каже врз кој член Комисијата, било кое работно тело, или било која Комисија, има право да одбие, или да усвои амандмани кои се поднесуваат од страна на пратениците од ова Собрание. Членот 122 кој член говори за носење ставови на Комисијата, овој член не предвидува можност Комисијата како работно тело да ги одбие или да ги усвои амандманите. Ова право е ексклузивно право на Собранието на Република Македонија. И вие жалам што ќе го кажам тоа, создавате парламентарни преседани кои непосредно го повредуваат правниот систем. Искрено ви го велам ова. Овде не правам политика ни до вчера на работата на Комисијата не правев. Настојував со аргументи, едноставно правни аргументи, повикувајки се на одредбите од Уставот и Деловникот за работа, ви укажав и вчера и денес ќе ви кажам немојте да создавате парламентарен преседан кој непосредно го повредува правниот систем. Преседани кои непосредно ја повредуваат демократијата во Парламентот која се создава во оваа држава.

Јас уште еднаш ќе нагласам само Собранието може да одбие или да усвои амандман.

Како што сите знаеме по внесување на дневен ред на овој закон, предлог за носење закон за Комитетот за односи меѓу заедниците по предлог на Владата, во суштина се измени текстот на овој закон. И нормално дека користејки ги одредбите од Деловникот за работа, ние како парламентарна група ги искористивме овие одредби и предложивме амандмани, со настојување и тенденција да се усогласи текстот.

Јас ќе прочитам само едно образложение на предложениот амандман од пратениците. Ќе го прочитам на македонски јазик, за да видиме дека тенденцијата беше да се усогласи текстот на законот со амандманот кој го предложивме.

Во еден амандман се вели вака: “да се направи усогласување со одредбите на Уставот и со целиот правен систем”.

До колку ова не е во согласност со член 166, искрено ви велам, не знам што може да биде

усогласување. Уште еднаш ќе ја поканам претседателката на Комисијата да излезе и да ги прецизира и да го каже членот, одредба од Деловникот која и дава право на Комисијата да одлучи на овој начин. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Господинот Рафис Алити исто така се јави за процедурално.

**Рафис Алити:** Се повлекувам.

**Бесим Догани:** За збор се јави господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас уште еднаш ќе се обидам да ги направамна некој начин и го повикувам мнозинството од овој Парламент да размисли за тоа што се предлага и како се постапува во врска со овој амандман.

Во врска со оваа процедура ние сме членка на Советот на Европа. Ние претендираме да бидеме членка на Европската унија. Нас не мониторираат и процедурите, посебно процедурите се предмет на опсервација на сите овие институции затоа што во процедурите кои што заедно сме ги донеле, на некој начин почива и самата демократија.

Ве молам, што значи еден чин каде што уредно предложен еден амандман врз база на дополнителен амандман на Владата со кој што му се дава потполно нов квалитет на самиот закон, не се овозможува ни како коментар. Знаете дека тоа од било кој ќе се коментира како гушење на демократијата.

Друг е пробелмот али тука тој амандман е прифатлив за некого,за некого не е прифатлив, некој ќе гласа на овој или на друг начин. Тоа е прашање на политичка волја и на моменталната коњуктура која што е таква каква што е. Но да не се дозволи амандман, еден суштествен амандман на Владата, значи, по секоја цена да се заштити тој предлог на Владата и да не биде предмет на дебата тука и да се надополни , да се поправи со друг амандман, мислам дека е класичен пример на недемократски чин во еден Парламент кој што е демократски избран, како овој.

Затоа, јас ве замолувам уште еднаш да размислите, затоа што едно такво однесување веќе се знае каде води и на што не тера сите да размислуваме. Не е добро, апсолутно и не е прифатливо,не е ниту Деловнички, ниту Уставно, ниту како сакате.

Госпоѓата претседател на Комисијата не е спремна на претходниот дискутант да му одговори врз што ја основа оваа практика и оваа одлука. А повеќе од тоа како што реков овој е еклатантен пример на гушење на демократското размислување и начин на демократски дијалог во Парламентот.

Демократскиот дијалог во Парламентот на кој многу се инсистира, најбитно е да се почитуваат процедурите. Ние тука повторно можеме да останеме неусогласени по одредени работи, но, да не се прифати, да се слуша другата страна, во однос на еден амандман и тој да биде отфрлен без да се слушаат тие што размислуваат на друг начин, мислам дека нема друго размислување, нема друго име освен што мириса на тоталитаризам.

Затоа, ве молам, да размислите и да пристапите како што е со Деловникот предложено.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Процедурално има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Имајќи предвид како се усвои Резолуцијата, како се донесе Резолуцијата претходно на многу итар начин, за да не се дебатира по парламентарните групи и така натаму, вие како мнозинство заедно со оној дел од опозицијата кој што е послушен дел и мисли дека треба да ја пофали Владата, може да продолжувате секој ден, пред, или откако ќе почнат седниците, да усвојувате по една резолуција, како таа што беше усвоена претходно и да даде Господ со тие резолуции Македонија да се интегрира во НАТО и во Европската унија.

Меѓутоа, ова е друга седница, која што е во однос на материја што е исто така во однос на резолуциите. Вие добро знаете дека долго време се одвиваше дијалог меѓу позицијата и опозицијата и се постигна и еден договор, договор кој што беше поздравен од центрите на одлучување, меѓународните центри на одлучување и тоа зошто јас побарав збор е дека навистина сме загрижени како парламентарна група, затоа што непочитувањето на она што претходно се договараме, каде ја води државата таа работа.

Затоа, во име на парламентарната група барам еден час пауза. После тоа да продолжиме со седницата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

Предлагам пауза до 17,30 часот.

(Пауза од 16,30 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,33 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа.

Процедурално се јави господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Господине потпретседателе, ние побаравме директно објаснување, инсистираме да ни се даде образложение, побаравме образложение од страна на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања што поднесе мислење што го прочитавте, да даде образложение, да ја изнесе причината зошто амандманот што е предложен кон амандманот на Владата, а не друг амандман, и од двата предложени за да биде апсурдот уште

поголем, едниот се прифаќа за расправа, додека другите два не се прифаќаат.

Тоа претставува еден типичен политички пристап за што има право секој да има свој став, но преку гласањето на амандманот, а не преку негово елиминирање, за понатамошна политичка расправа во овој Парламент. Доаѓаме во состојба кога треба за еден амандман да се произнесеме, а за друг не, а двата се предложени за амандманите на Владата.

Ова не може да се оправда ниту со досегашните фракции, ниту со некое толкување, евидентно политичко, но никако врз основа на Деловникот и законите и во суштина, навистина го повредува достоинството на овој Парламент. Меѓутоа, оневозможува вистинска политичка дебата врз принципите што сме ги прифатиле заедно.

Затоа, предлагам уште еднаш, бидејќи еден ваков пристап е во спротивност со Деловникот за работа, е во спротивност и со логиката и практиката на овој Парламент, бараме од претседателот на Комисијата да даде соодветно образложение за ова прашање, бидејќи нема потреба да имаме дилеми ако имаме аргументи. И на Законодавно-правната комисија бевме, би кажал уште нешто доколку имам уште неколку секунди, па таму, кога инсистиравме на ова прашање, внимавајте почитувани пратеници, се рече следново: амандманот на Владата, ќе се произнесеме дали е во согласност со Уставот. Јас тоа го кажав и на Комисијата. Додека другите амандмани што доаѓаат од другите пратеници, за нив не се произнесуваме на ниту еден начин и за ниту едно прашање, врз никаква основа, за други амандмани. Што е исто така во спротивност со Деловникот за работа.

Ја видов и Одлуката за основање на работни тела каде не стои една таква изрека. Тука се рече, нема да расправаме по ова прашање, госпоѓа Дулиќ рече, но имате право овој амандман да го штитите на пленарна седница, доколу Парламентот го прифати или не го прифати, што е друго прашање. Но, Комисијата разлгедува наводно само амандмани на Владата што е исто така апсурд.

Во прилог на доброто работење е и објаснување на процедурите оваа работа да се објасни, колку е можно побрзо. Благодарам.

**Бесим Догани:** Збор има господинот Рафиз Алити процедурално, повелете.

**Рафис Алити:** Навистина ми е многу жал што ќе морам да се повторам во однос на тоа што го кажа мојот колега Азис Положани.

До сега немало ваква практика во Собранието на амандманите што се поднесени од страна на Владата да се нема право да се интервенира или пак да се предлагаат нови амандмани кон тие амандмани од страна на пратениците. Тоа што го кажа мојот колега е повеќе од вистина, затоа што јасно се гледа дека се води политика. За политика и сме тука, но не политика што ги прекршува процедурите, политика што не го почитува тоа што претставувало досегашна практика.

Така што ние, како парламентарна група, што е сосема нормално, неколку пати бараме објаснување од претседателката на Комисијата, неколку пати се побара, исто така, објаснување од страна на претставникот на Министерството присутен тука, тоа го побара пратеникот Аднан Јашари во однос на овие работи, објаснување или пак нешто што не е кажано во оваа насока за тоа зошто претседателката на Комисијата или пак таа Комисија делува на овој начин.

Знаете, првиот случај беше случајот со Законот за полиција, со интервенциите што ги направи Владата. Ние интервениравме амандмански. Вториот случај е сега, овој случај со Предлогот на законот за Комитетот. Така што, ние ќе побараме или попрецизно барам од сите пратеници да се гласа тука, без оглед на мислењето што е дадено од матичната комисија за нашите два амандмани. Да се гласа, да се дебатира во Собранието. Не значи дека нашите амандмани ќе бидат усвоени. Се разбира, се знае како се усвојуваат амандмани, дека за тоа треба мнозинство на гласови. Меѓутоа, воопшто да не се дебатира, мислам дека не само што ја гуши демократијата, туку е на штета и на ова мнозинство.

Тоа е на штета на она што се настојува да стане практика во ова Собрание. Затоа што ќе дојдеме во ситуација кога ќе интервенира Владата со некој амандман за да се измени се во законот, а ние нема да бидеме во состојба, нема да имаме право да интервенираме самите. Тогаш, тука ќе играме улога на кукли. Пратениците, во овој случај пратениците од опозицијата, се разбира.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Алити.

За процедурално се јави господинот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Уште еднаш ќе се повикам на одредбите од Деловникот за работа на Собранието. Поконкретно, ќе го прочитам членот 126, во кој што меѓу другото се вели ова, се говори за комисиите, “работното тело утврдува информатори”, во ставот 2 од овој член се вели “известителот не може да го менува ставот на работното тело”. Ова е една императивна одредба и засновајќи се на оваа норма од императивен карактер, претседателот на Комисијата, утврден од работното тело како известител, е должна нас да не информира за тоа што претходно ја поканивме, врз основа на кој член и дава право на Комисијата, како работно тело, да го одбие, односно да не дозволи да се води претрес на оваа седница за предложените наши амандмани. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Јашари.

Го имам пред себе членот 126 и не се согласувам со вас. Меѓутоа, вие го изразивте вашето мислење.

Збор за процедурално има господинот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

Мора да прифатиме, да признаеме дека сите ние сме сведоци на непочитување не само на процедурата, туку и на заедничката работа.

Тоа што го најавувам сега, ние ќе го разјасниме уште повеќе со нашите јавувања околу самиот текст на Законот и за Законот, меѓутоа сакам да најавам уште едно нешто.

Министерството за правда е формален предлагач. Меѓутоа, фактички или всушност овој закон е резултат на усогласените ставови меѓу работните тела на ВМРО ДПМНЕ и ДУИ во рамките, во духот на имплементација на договорот од 29 мај. Тогаш, кога ние рековме фала му на Бога, почна и да се почитува тоа што се постигна како договор, фала му на Бога успеавме на ова Собрание да донесеме проекти што се резултат на заедничката работа и на претставниците на најголемата партија на власта и на албанската опозиција, во ова Собрнаие. За жал, се прекршува договорот.

Договорот првенствено го прегазува формалниот предлагач на овој закон, Министерството за правда и ние ова повредување, технички еве, го прифаќаме. Затоа што сакам да ви дадам до знаење дека начелнот договор не бил ваков каков што го пројавува тука предлагачот. Листата на усогласените закони не требаше да биде дел од Законот за Комитетот туку Анекс 1, од Деловникот и оваа интервенција ние ја квалификуваме како техничка интервенција. Меѓу тоа, на ниту еден начин нема да дозволиме или пак не се согласуаме да ни се одземе правото да интервенираме преку амандмани на Амандманот на Владата. Или пак, во овој случај, Министерството за правда. Затоа што во секој случај, можеме да се соочиме со нови ситуации, затоа што кога и да сака предлагачот, тоа право му го овозможува Деловникот, да може да интервенира и да ја измени целата суштина на текстот на законот.

Апсурдот да биде поголем, уште Комисијата одлучува да се усвои еден амандман, повикувајќи се на истиот член од Деловникот, а да не се прифатат другите два амандмани, повикувајќи се повторно на истиот член од Деловникот.

Со ова е јасно дека парламентарното мнозинство сака да го избегне тоа што ние го нарекуваме повреда или прекршување на договорот помеѓу Никола Груевски и Али Ахмети. Тука е јасно дека треба да се избегне големата врева, меѓутоа ова не е инструмент, ова не е решение. Затоа што истото можеме да го направиме и при другите јавувања.

Затоа апелираме да не ни се оневозможи интервенирањето со амандмани кон амандманот на Владата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мојата процедурална интервенција се состои во следното, на целата македонска јавност и е познато, а и на сите нас, како праеници на политички партии, дека е многу битно да се донесе овој закон за Комитетот за односи меѓу заедниците. Сите претставници на меѓународните организации што доаѓаат, апелираат за негово побрзо донесување.

Не знам што е поентата на цело време процедуралните интервенции за една иста работа од страна на пратеници од пратеничката група на ДУИ? Но, сепак, тие си одлучуваат за своите постапки.

Сепак, согласно одредбите од Деловникот, барам поддршка од 10 пратеници за да работиме после 18 часот во однос на носење на законот за Комитетот за односи меѓу заедниците и едно од прашањата што се отворени да биде побрзо затворено. Затоа барам поддршка, да Мери Младеновска Ѓорѓиевска ожеме да се произнесеме.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

(Пратениците од опозицијата, сите присутни, се изјаснуваат позитно за предлогот)

Имате поддршка од 10 пратеници.

Но, според информациите во салата нема доволен број присутни пратеници.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да го изгласаме предлогот на господинот Вељаноски.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Пратениците утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни само 46 пратеници, така што вашиот предлог не можам да го ставам на гласање или можам да го ставам но ке биде одбиен.

Пратеникот Сафет Незири, не е присутен.

Процедурално има збор праеникот Рафиз Алити, повелете.

**Рафиз Алити:** Мислам дека, не мислам туку имам конкретен предлог да се стави мојот предлог на гласање, да се гласа пред пратениците, амандманите што се предложени од парламентрната група на ДУИ да не се одбијат така како што препорачува Комисијата, Законодавно-правната комисија, односно Комисијата за мандатно имунитетни прашања, бидејќи не добивме објаснување од претседателот на таа Комисија.

Евидентно е дека се кршат сите процедури и се крши сето она што претставуваше досегашна пракса.

Уште еднаш барам и ги поддржувам пратениците од ВМРО ДПМНЕ во оваа насока, тие да ме поддржат со 10 гласови, нашите амандмани да се расправаат овде, овде да ги изнесеме фактите и да водиме расправа со факти. Понатаму да седнеме и да разговараме како ќе го изгласаме овој Предлог на закон.

Додека, во однос на тоа што го кажа почитуваниот колега Трајко Вељноски, дека е инсистирање на меѓународниот фактор, дека јавноста во Македонија чека да се донесе овој ззакон, јас го споделувам истото мислење.

Вистина е дека е така. Меѓутоа вистина е и тоа дека и вие не го почитувате тоа што претставува договор. Така што, почитуван колега треба првенствено вие, кој бевте најмногу вклучен во изготвувањето на овој закон да излезете и да ни објасните, да ни кажете зошто нашите амандмани не се прифаќаат. Или, поточно, да кажам зошто вие бегате од тоа да се води претрес по овие два амандмани на оваа пленарна седница. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Алити дали имате поддршка од 10 пратеници за вашиот предлог?

(Се пријавија само неколку пратеници од страна на опозицијата)

Немате. Имате само двајца.

Бидејќи немате, предлогот не можам да го ставам на гласање.

Тоа значи дека продолжуваме со работа до 18,00 часот.

Збор за процедурално има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Како што ми се чини, парламентарното мнозинство, намерно не сака да се освести за политиката што се води од самата неа, меѓутоа и политиката водена од господинот Никола Груевски. Што е најлошо, работното тело на Собранието се става во позиција повисока и од самиот законодавен дом, односно Собранието. Според еден автоматизам, се прекршуваат сите правни норми и Деловникот за работа на Собранието, според член 126 се донесува одлука со која што се спречува или забранува едно такво нешто, како што е дебатирање по амандманите на нашата парламентарна група, да се расправа во пленарниот дел на редовната седница.

Ова парламентарно мнозинство, ќе кажам за жал, станува глуво мнозинство и не може да најде заеднички јазик за надминување на едно процедурално прашање, што не забранува еден амандман да се дискутира и дебатира според Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Сето тоа, бидејќи Предлогот на законот доаѓа од Владата и Владата не била во состојба претходно да се подготви, законот да го донесе во комплетна форма, без да интервенира амандмански, со амандман што целосно ја менува суштината на овој закон, мислам дека тоа Владата го прави намерно, со намера со која што се забранува демократското право на опозициониот дел на пратениците во Собранието, посебно на парламентарната група на ДУИ да таа интервенира и поднесе амандмани, таму каде што мисли дека треба да се поднесат. Ова доведува до една состојба за која што слободно можам да кажам дека е алармантна состојба, состојба со која се враќаме назад, со која не се согласуваме со советите на Извештајот на Европската унија, на Европската комисија во кој се вели дека треба да се одвива дијалог, дека треба да се надминат тензиите меѓу позицијата и опозицијата и сите тие негативни појави со кои што се соочува нашето општество. Особено делот во кој што се работи, како што сме ние претставници на народот во Собранието на Република Македонија.

Мислам дека овие флагрантни прекршувања се прават и со тоа воопшто никој не се грижи, ниту парламентарното мнозинство за нашите сосема легитимни барања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Сакам да ви кажам почитувани пратеници дека Владата на Република Македонија од самиот почеток на нејзината работа придава исклучително големо значење на остварувањето на одредбите од Рамковниот договор преточен во амандманите на Уставот на Република Македонија. Владата на Република Македонија тоа го докажа и на дело, не само на зборови, со тоа што трократно ги зголеми средствата што се наменети за остварувањето на принципот за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Владата на Република Македонија го измени Законот, со тоа што го подигна нивото на Секторот за евроинтеграции, Секторот за спроведување на Рамковниот договор во Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор. Владата на Република Македонија заедно со коалиционите партнери со ДПА и другите коалициони партнери во оваа година презеде исклучително значајни чекори кои што значат токму имплементирање на одредбите од Охридскиот рамковен договор. Сакам да ви кажам дека она што беше практично промовирано на Денот на азбуката на албанскиот јазик, практично значи остварување на клучни определби на Владата на Република Македонија. Не само тоа, туку Галеријата, библиотеката, театарот, реновирање на Шарена џамија, Теќето итн, мислам дека се работи за исклучително

значајни проекти кои што Владата на Република Македонија ги спроведува во континуитет и ќе ги спроведува во суштина она што треба да значи спроведување на Охридскиот рамковен договор. Тоа е појдовната основа и за овој закон, тоа е потребата на овој закон, тоа се целите што треба да се постигнат со овој закон за остварувањето на она што треба да значи соодветна и правична застапеност, она што значи остварувањето на правата на припадниците на заедниците во Република Македонија кои не се мнозинство, за остварување на нивните права за употребата на јазикот, писмото, употребата на симболите, културните вредности, образованието итн, сето она што е содржано во Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија.

Овој амандман на членот 10 на ставот 4 со кој се менува ставот 4 и кој гласи дека за сите идни закони кои се однесуваат на употреба на јазиците, образованието, личните документи, културата и употребата на симболите Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот. Овој амандман е поднесен од пратениците Блерим Беџети, Селвие Салиу, Азис Положани и други пратеници сега да не ги набројувам, бидејќи ги прочита господинот потпретседател. Овој амандман е поднесен до Собранието на 16.11.2007 година во 13,30 часот, а наполно идентичниот амандман на Владата на Република Македонија е поднесен во 14,30 часот. Значи, поаѓајќи од тоа дека се работи за наполно идентичен амандман, освен еден збор “за”, кој што е граматичко прашање, а не суштинско прашање, Владата го прифати.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Сигурно дека господинот Михајловски, или претставникот на Владата кој е присутен не беше повикан да зборува за имплементацијата на Охридскиот договор. Но, во ред, се потруди да направи реклама, иако фактите говорат нешто друго. Велам фактите говорат нешто друго, вистина е дека се доделиле средства три пати повеќе од минатите буџети за 2000 вработени во администрацијата кои учествуваат во разни ресори на Владата. Но има и една друга вистина, ние од Државниот завод за статистика добиваме податоци дека процентот на Албанците во државната администрација, се разбира и во јавните претпријатија во вашиот мандат има пад. Не е тој процент кој беше кога заврши нашиот мандат. Така што неколку пати ја слушам оваа приказна и ова се трудите да го продадете и во меѓународниот фактор. Фактите не говорат така како што вие ги искажавте.

Зошто ние поднесовме амандман и зошто вие го прифаќате овој наш амандман?

Сигурно дека го прифаќате, бидејќи ова е една фарса за да правите политика со нас наводно дека еве амандман од опозицијата ние го прифаќаме, а во суштина не менува ништо во текстот на Предлог законот.

Се поставува следново прашање. Зошто ние интервениравме амандмански? На сите ви е јасно, сите се преправате дека ништо не се случува. Реалноста е таа дека ние имавме еден договор од 29 мај, договор за кој знае и меѓународниот фактор и јавноста во Република Македонија, договор кој исто така го знае и претставникот на Владата. Тој договор во себе има 46 закони. Еден од тие закони господине Трајко Вељаноски, е Законот со број 8 каде пишува Закон за јазици. Токму заради тоа ние поднесовме амандмани за кои вие сега се преправате дека не ги знаете. И вие претходно се повикавте дека еве, ја известувате јавноста и меѓународната јавност дека наводно Демократската унија за интеграција, или пратениците од Демократската унија за интеграција вршат опструкции на овој договор. Напротив, ние сме заинтересирани тој договор да се имплементира, велам извонредно сме заинтересирани, затоа што сите странски дипломати кои се релевантни, кои се во нашава земја ви укажале дека треба да се имплементира договорот од 29 мај, додека вие повторно се однесувате како со Охридскиот рамковен договор.

Бидејќи времето истече, ќе продолжам следниот пат.

**Бесим Догани:** Почитувани дами и господа пратеници, ја прекинувам денешната седница.

За утре веќе сте известени дека ќе се работи само комисиски. Во четврток имаме пратенички прашања, а за петок ќе бидете известени.

(Седница прекина во 18,00 часот)